Општина Кратово се наоѓа во непосредна близина на Скопската сеизмогена зона која е сеизмички најмаркантна и една од поопасните на Балканот. Нејзнините епицентрални подрачја познати се по катастрофални земјотреси и истите имаат постојани влијанија и дејство врз земјишните пластови на подрачјето на Кратово.

Од досегашните земјотреси максималниот интензитет во локалните епицентрални жаришта е со јачина од 5° по МЦС скала, а максималниот степен на досега случените земјотреси предизвикани од подалечните епицнтрални жаришта е изнесува 8° по МЦС скала.

За подрачјето на општината и непосреднотот окружување пресметан е долгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси, кој изнесува 8° по МЦС скала. Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор, меродавна е картата на макросеизмичка реонизација. Природно нестабилните и сеизмички неповолните терени - местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско - геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

## 3.5. Климатолошки карактеристики

Положбата на територијата на општина Кратово условуваат умерено-континентална клима со модификации на климатските елементи во рамнинските и на највисоките планински делови. Поради географската положба и ридско планинската структура на релјефот, во сите свои делови, областа нема иста клима.

Орографските карактеристики имаат битно влијание врз формирањето на посебна локална клима во која можат да се издвојат висински зони со различни климатски особености. Главни одлики на оваа клима се умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Средно планинската зона се одликува со свежо лето, ладна пролет и есен, студена и снежна зима и големо количество врнежи. Тука снег почнува да паѓа обично кон средината на ноември и се задржува најчесто до крајот на април. Поради ниската температура, односно ладната пролет и есен, вегетациониот период е пократок и трае околу 7 месеци. Врвовите на Плавица се под снег обично од крајот на октомври до почетокот на јуни. На осојната страна на овие врвови се гледаат соспи од снег и во месец јули.

Според метеоролошките карактеристики просечната годишна температура се движи од 10,0°C до 4,0°C на највисоките планински делови. Температурниот режим се карактеризира со типични континентални карактеристики. Амплитудата од апсолутно минималната до апсолутно максималната температура изнесува 59,6°C. Најтопли месеци се јули и август со просечна температура до 21,0°C, додека најстуден месец е јануари со просечна температура под -5,5°C. Максималната температура во летниот период е 38,5°C а минималната во зима е -16,5°C. Средно годишната температура изнесува 11,3 °C. Општината Кратово спаѓа во една од најветровитите подрачја во Републиката. Правецот на дувањето на ветровите е детерминиран од орографските услови. Најчести се североисточниот (633‰) и југозападниот (225‰). Тишините изнесуваат само 15‰. Број на сончев сјај просечно дневно изнесува 6,5 часови. Просечен број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101 ден. Просечна годишна влажност на воздухот е 68%.

## 3.6. Хидролошки карактеристики

Поради различниот минеролошки состав на стените, на територијата на Општината Кратово се јавуваат збиени и пукнатински типови на издани и безводни терени. Збиениот тип на издани се јавува по должина на Крива река и долните текови на Кратовска река и Повишница. Поради водопропусноста на стените, на поголем дел од територијата развиени се пукнатински тип на издани кои најчесто се празнат преку гравитациони извори се со слаба издашност. Поради тоа овие терени се групирани во слабо издашни терени.

Изворите најчесто се јавуваат во повисоките плански терени. Осоговијата е богата со извори потоци и реки. Реките во Кратово имаат најголем водостој во април и мај, а најмал во јули и август.

Високиот пролетен водостој се должи на топењето на снегот, почестите врнежи и слабото испарување.

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодацно-административни, здравствени-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.
Човекот се смета како најважен елемент на урбанистичкото планирање, бидејќи се јавува насекаде и е способен да се активира себеси и сè околу себе, со цел да создаде подобар живот во средината каде што живее.
Покрај согледувањата на економскиот развој, како и факторите кои влијаат на истиот, за целосно согледување на постојната состојба извршена е детална анализа и севкупно истражување и увид на самото место со спроведена инвентаризација на објектите и населението во рамките на планскиот опфат.
Предметниот плански опфат е неизградено земјиште.

## 5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат кој е составен од **К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037,** е површина наменета за изградба на објекти со основна намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово. Согласно извршената инвентаризација, нема евидентирани изградени објекти во планскиот опфат.
Површината на вкупниот анализиран простор изнесува **П=9862.6м$^2$** на кој не постојат изградени објекти.

## 6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Согласно допис бр. 17-759/2 од 12.02.2020 година, добиен од Министерство за култура се констатира дека во граници на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство и добра за кои основано се претпоставува дека представуваат културно наследство.

## 7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

### 7.1. Електрика

Според потврдата за подземни и надземни инсталации на диструбитувната мрежа и објекти со допис бр. 10 1002/2 од 12.02. 2020 година, Акционерското друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија **EVN Груп, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,** низ планскиот опфат не поминуваат надземни ниту подземни водови. Во близина на предметниот ЛУПД, поминуваат постоечки и планирани електро водови кои се дадени во графичкиот прилог од планот.

### 7.2. МЕПСО

Според потврдата за електроенергетски објекти со допис бр. 11-1149/1 од 10.02. 2020 година, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем **МЕПСО АД Скопје**, предметниот планскиот опфат не се вкрстува со постојни и планирани електроенергетски објекти сопственост на АД МЕПСО.

### 7.3. Водовод и канализација

Согласно податоци добиени од **Јавно претпријатие „Силком“ Кратово**, нема постоечки подземни инсталации, од водоводната и канализациска мрежа.

### 7.4. Телефонска инфраструктура

Според потврдата за подземни и надземни инсталации на телефонската мрежа од Македонски Телеком АД Скопје на предметниот плански опфат не постојат ТК инсталации.

### 7.5. АЕК

Според потврдата за ТК инсталација допис бр. 1404-633/2 од 13.02.2020 година, од “**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ”** во близина на предметниот плански опфат немаат податоци за изградени јавни електронски комуникации мрежи и системи.

### 7.6. Сообраќај

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ЛУПД постои истрасирана улица – земјен пат и уште еден тампониран пат, истите се со несоодветен профил и како такви прикажани се во графичкиот прилог.

### 7.7. Гасовод

Според податоците добиени од **Акционерско друштво ГА-МА, Скопје,** на предметниот плански опфат, **нема траса** на планирана и изведена гасоводна мрежа.
**А.Д. НЕР – Скопје,** со допис бр. 03-624/2 од 10. 02. 2020 година известува дека на наведениот плански опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

### 7.8. Дирекција за заштита и спасување

ДЗС Подрачно одделение Кратово, со допис бр. 09-8/2 од 10 02. 2020 година, не информира дека на наведениот плански опфат каде е опфатена територија на Општина Кратово, не располага ниту има податоци за постоечки или планирани инсталации.

## 8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Општина Кратово, со допис бр. 12.224/2 од 10 02. 2020 година, не информира дека нема издадено решение за утврдување на правен статус за бесправно изградени објекти.

## 9. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Еден од важните фактори за создавање на концепција на планот е анализата на постојната состојба на теренот. При изработка на ЛУПД, извршена е инвентаризација на градежниот фонд, согледување на состојбата на теренот и согледување на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, и заклучено е дека за предметниот плански опфат не постоела изработена урбанистичка документација, освен Просторен план на Република Македонија, исто така нема реализација и градба.

## 10. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

При изработка на ЛУПД, чии смерници произлегуваат од Услови за планирање, во методот на работа се почитувани и применети нормите и определбите од законската регулатива, степенот на економско-општествениот развој на селото, како и сознанијата за неговиот иден развој.

- Урбанистичкото планирање е просторно истражување на идниот развој на неурбанизирани делови, простори;
- Урбанистичкото планирање е дел од општествено-економското планирање;
- Урбанистичкиот план претставува општествен договор помеѓу корисниците на просторот кои се заинтересирани за развој на подрачјето;
- Урбанистичкото планирање е синтеза на низа на дејства поврзани со уредување на просторот и просторно планирање
- Урбанистичкото планирање во себе содржи визија за далечна иднина

Основни критериуми вградени во урбанистичкиот концепт на оваа ЛУПД се:
- Рационалност и економичност на решенијата од аспект на оптимално користење на земјиштето и условите што тоа ги дава
- Усогласување на потребите на инвеститорот со можностите што ги дава согледаната состојба на теренот.

Просторниот развој треба да се насочи кон изработка на урбанистички планови и да се предвиди економски издржано решение во областа на сообраќајот, инфраструктурата, намената на просторот и системот на градба. Предвиденото решение потребно е да ја дооформи сегашната намена на просторот определен со Просторниот план на Република Северна Македонија. По донесувањето на ЛУПД се предвидуваат поголеми можности за просторен развој на околни села.

# 11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

## 11.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

**Демографски аспект – нема жители**

**Постојни површини по намена на земјиштето**

| НАМЕНА НА ПОВРШИНИ | ПОВРШИНА – ($m^2$) |
|---|---|
| НЗ – неизградено земјиште | 9862.60 |
| **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФТ** | **9862.60** |

## 11.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Параметри | Документациона основа |
|---|---|
| Неизградено земјиште | 9862.60$m^2$ |
| Процент на изграденост на земјиштето | 0% |
| Коефициент на искористеност на земјиштето | 0 |

**Документациона основа**

**Графички део**

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето*** *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## ***Систем на населби и сообраќајна мрежа***

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**
- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**
- Секундарна
- Терцијална

**Оски на развој**
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## ***Водостопанска и енергетска инфраструктура***

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

| Далноводи | Трафостаници |
|---|---|
| 110 kV | 110 kV |
| 220 kV | 220 kV |
| 400 kV | 400 kV |

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

***Реонизација и категоризација на просторот за заштита*** *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини






# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО




**ЛЕГЕНДА:**

Граница на плански опфат П=9862.60м²

## АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА М=1:1000

| | | |
|---|---|---|
| **УРБАН ГИС Д.О.О.**<br>**КУМАНОВО**<br>URBAN GIS D.O.O.<br>KUMANOVO | | УПРАВИТЕЛ<br>Валентина Спасовска<br>дипл.инж.арх. |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 |
| **ПРИЛОГ:** | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА<br>ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а.<br>Овластување број 0.0053 | ДАТА: Септември 2022 / ПРИЛОГ: 02 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | |

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО




**ЛЕГЕНДА:**

- Граница на плански опфат П=9862.60м²
- Линија на катастерска парцела
- Градби со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - нема

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА — М=1:1000

| | | |
|---|---|---|
| УРБАН ГИС Д.О.О. КУМАНОВО<br>URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO | | УПРАВИТЕЛ Валентина Спасовска дипл.инж.арх. |
| НАРАЧАТЕЛ: | Бобан Богдановски | |
| ПЛАН: | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 |
| ПРИЛОГ: | ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. У-06/19 |
| ПЛАНЕРИ: | Валентина Спасовска д.и.а. Овластување број 0.0053 | ДАТА: Септември 2022 / ПРИЛОГ: 03 |
| СОРАБОТНИК: | Тијана Станковска, м.и.а. | |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО




### ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П=9862.60м²
- Линија на катастерска парцела
- Елементи на сообраќајница
- НЗ - неизградено земјиште - 9862.6 м²
- Земјен пат
- Тампониран пат

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА М=1:1000

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **УРБАН ГИС Д.О.О.** КУМАНОВО<br>URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ Валентина Спасовска дипл.инж.арх. | |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 | |
| **ПРИЛОГ:** | ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | РАЗМЕР: 1:1000 | ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а.<br>Овластување број 0.0053 | ДАТА: Септември 2022 | ПРИЛОГ: 04 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | | |

**Планска документација**

**Текстуален дел**

**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА**
**Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**
**ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ОД 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ**
**К.О. КОЊУХ**

**ОПШТИНА КРАТОВО**

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Планска документација**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, со наменска употреба на градежно земјиште,сообраќајната и комуналната инфраструктура

    3.1. Намена на површини
    3.2. Компатибилна класа на намена
    3.3. Население
    3.4. Сообраќајно решение
    3.5. Инфраструктура

        3.5.1. Основно решение на електро инсталација
        3.5.2. Основно решение на телефонска инсталација
        3.5.3. Водоводна мрежа
        3.5.4. Фекална канализација
        3.5.5. Атмосферска канализација

4. Општи услови за изградба, развој и користење на замјиштето и градбите

    Економски основи на просторниот развој
    Водени ресурси и водостопанска инфраструктура
    Енергетика и енергетска инфраструктура
    Урбанизација и мрежа на населби
    Домување
    Јавни функции
    Индустрија
    Сообраќајна инфраструктура
    Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа
    Заштита на животна средина
    Заштита на природно наследство
    Заштита на културно наследство
    Туризам и организација на туристички простори
    Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

5. Мерки за заштита

    5.1. Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфат
    5.2. Мерки за заштита на животна средина
        - Заштита на воздухот
        - Заштита од бучава
        - Заштита на води
        - Заштита на земјиштето во загрозени подрачја

5.3. Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи
5.4. Засолнување
5.5. Мерки за заштита и спасување од поплави
5.6. Мерки за заштита и спасување од урнатини
5.7. Мерки за заштита на културно наследство
5.8. Мерки за заштита од техничко – технолошки несреќи
5.9. Евакуација
5.10. Згрижување на настрадано и загрозено население
5.11. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
5.12. Прва медицинска помош
5.13. Мерки за заштита на културно наследство
5.14. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидитет

6. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежно земјиште

7. Нумерички дел

7.1. Нумерички показатели

Демографски аспект
Планирани површини по намена на земјиштето
Максимални површини за градење по намена на градбите
Планирани вкупни развиени површини за градење по намена на градбите
Урбанистички параметри
Димензии на попречните профили на сообраќајна инфраструктура

7.2. Билансни споредбени показатели

**Графички прилози – Планска документација**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **План на намена на земјиштето и градбите со граници на површините со иста намена на земјиштето - наменски зони** | **М=1:1000** |
| **2.** | **Регулационен план, План на површини за градење** | **М=1:1000** |
| **3.** | **Сообраќаен план, Нивелациски план** | **М=1:1000** |
| **4.** | **Инфраструктурен план** | **М=1:1000** |
| **5.** | **Синтезен план** | **М=1:1000** |

# ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

**Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037, М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово,** е работен во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на Генерален урбанисточки план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проекти содржината, формата и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и АУП и содржина, формата и начонот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл. весник на Р.М. бр. 142/15), и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Локална урбанистичка планска документација, се работи како потреба за урбанизирање на површини за кои не се изработени урбанистички планови, а смерници и параметри за негово изготвување ќе бидат Услови за планирање кои се извадок од Просторен план на Република Македонија.
За овој период карактеристична е појавата на зголемен интерес за градба на објекти – комунална супраструктура фотоволтаична централа, објекти, во приватна сопственост, така да произлегуваат следните цели на изработка на предметниот ЛУПД:

- Урбанизирање на планскиот опфат како дел за кој не постои одредена урбанистичка документација;
- Изработка на ЛУПД, со површина на планскиот опфат од 9862.6м$^2$.

Дадениот плански опфат и понатаму плански да се развива и усмерува според потребите на инвеститорите кои се иницијатори за предметната изработка на ЛУПД, а во согласност со сите законски акти и Правилници од областа на урбанизација. ЛУПД, се базира на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), како и определбите и анализите од Просторниот урбанистички план, и истиот се темели на максимално почитување на оформениот плански опфат.
Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место, а особено е водена сметка за максимално почитување на катастарските парцели и урбанизирање на истите.

За предметното земјиште Извршена е пренамена на земјоделско во градежно земјиште, со допис бр. 41-2097/1 од 08.03. 2022 година Влада на Република Северна Македонија донесе одлука во која е дадена согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локалната Урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура – фотоволтаична централа со капацитет до 1 mw на К.П. 1038 и дел од К.П. 1037, во м.в. каравилјов чукар влашке ниве, КО Коњух - Општина Кратово. Одлука е објавена во (Службен весник на РСМ бр. 61/2022) од 15. 03. 2022 година.
Процентот на изграденост на локацијата ќе биде во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).
Потребните показатели за парцелите се дадени во графичкиот прилог и нумеричките податоци, а билансните показатели го покажуваат соодносот на реалната состојба на изграденост и интересот за идна градба во предметниот плански опфат.

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

На предметниот плански опфат се предвидуваат следните основни класи на намена:

### 3.1. Намена на површини

| НАМЕНА НА ПОВРШИНИ | Површина на зони ($m^2$) | |
|---|---|---|
| Е2 – Комунална супраструктура –фотоволтаична централа | 9862.60 | 100% |
| **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ** | **9862.60м$^2$** | **100%** |

**Максимална површина за градба (под објекти) во рамки на планскиот опфат**

- За намена Е2 – Комунална супраструктура –фотоволтаична централа **7871.93m$^2$**

**Вкупна развиена површина за градба во рамки на планскиот опфат**

- За намена Е2 – Комунална супраструктура –фотоволтаична централа **7871.93m$^2$**

### 3.2. Компатибилна класа на намена

Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) за намената Е2, постои можност да се определат компатибилни класи на намена. **За потреби на одвивање на ваков вид на објекти не се предвидува компатибилни класи на намена.**

### 3.3. Население

Во предметниот ЛУПД, не се предвидуваат содржини за живеење, поради што и населението, нема да биде фактор за анализа во истиот.

### 3.4. Сообраќајно решение

Сообраќаен прилаз до градежна парцела ќе се одвива преку постоечките патни правци, кои поминуваат од северната страна на парцелата, поточно од улица 1. Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Истите ќе се пресметуваат согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18). Број на паркинг места ќе се определи согласно Правилникот како и согласно потреби на инвеститор. Во случај потребни ќе бидат 2 паркинг места.

### 3.5. Инфраструктура

Со изработка на **ЛУПД,** се предвидува изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW, за кои ќе се врши одредена пресметка за приклучок на постоечката и во планска документација, предвидената инфраструктура.
Основните решенија на инфраструктурата се преземени од добиените податоци од надлежни институции, добиени согласно член 32 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и истите се прикажани во содржина на ЛУПД.

#### 3.5.1. Основно решение на електро инсталација

Со изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW се предвидува како основна намена, изградба на објекти фотоволтаична централа.
За приклучување на фотоволтаична централа на енергетскиот систем на РСМ се поднесува барање за приклучок до ЕВН ЕЛЕМ, кои изготвуваат посебна студија за начин на приклучок.Приклучување и дистрибуција на произведена електрична енергија ќе биде на начин определен и регулиран со ЕВН Скопје.

### 3.5.2. Основно решение на телефонска инсталација

Предметната локација согласно специфична намена, нема потреба од телефонски приклучок, Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ISDN линии, ADSL, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

### 3.5.3. Водоводна мрежа

Согласно специфична намена која се предвидува на планскиот опфат односно предвидување на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW, не се јавува потреба од изведба и приклучок на водоводна мрежа. Во случај да се јави потреба од користење на вода се предвидува копање на бушотина бунар во граница на планскиот опфат.

### 3.5.4. Фекална канализација

Предметната локација нема потреба од поврзување на фекална канализација поради што и не се планира со планот.
Доколку се предвидат во иднина објекти кои ќе бидат во функција на основната намена потребно е да се изработи Урбанистички проект, со можност на планирање на сопствена канализациона мрежа и сопствена септичка јама (ако има потреба за истите).

### 3.5.5. Атмосферска канализација

Отпадните атмосферски води од планскиот опфат и од површините на сообраќајните и зелените површини ќе се слеват слободно по терен, користејќи го природниот пад на терен.

## 4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

**4.1.** Овие услови за изградба се составен дел на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037, М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово.**

**4.2.** Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Просторен план предвидени конкретните решенија во **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037, М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово.**

**4.3.** Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

**4.4.** Во графичките прилози дадена е максимална висина на објектите, (фотоволтаична централа и ако има потреба од пратечки објекти за ваков вид на намена) и истата висина на објектите се утврдува преку максимална висина до венец изразена во метри.

**4.5.** Горниот венец на објектот е секогаш во вертикална рамнина определена со градежна линија, па максималната и дозволена висина на изградбата ја ограничуваат вертикалната изградба на објектот.

**4.6.** Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Од висината на слемето отстапуваат линиските вертикални технолошки инсталации. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој ЛУПД ќе се определи со изработка на Урбанистички Проект, (ако има повеќе објекти) или со проектна документација.

**4.7.** Растојанието на објектите внатре во градежната парцела ќе се решава во согласност со задоволување на нормативи за инсолација и во согласност со **член 40** од важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

**4.8.** Градежната линија ја одредува границата на површина за изградба на повеќе градби. Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

**4.9.** Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува според дадените нормативи во **членот 59** од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М . 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) и тоа за намена Е2- фотоволтаични панелипотребен број на паркинг места е согласно потреби на инвеститор и тоа две паркинг места.

**4.10.** Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Според **член 59** од Правилникот, потребниот број на паркинг места ќе се решава при реализација на урбанистичките планови, односно кога ќе се изработува проектна документација за градбите.

**4.11.** Критериумите за рангирање на сообраќајниците произлегуваат од член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

**4.12.** Оградата на парцелите да бидат усогласени со намена на објектите предвидени во неа.

**4.13.** За непречено движење на лица со посебни потреби, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор, согласно **точка 13**, (член 75, 76, 77, 78, 79) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

**4.14. О**днесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт.

**4.15.** Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М. треба да се постапи согласно со одредбите според **член 65** од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18).

**4.16.** Во случај да се предвидат повеќе различни градби во градежна парцела, **п**отребно е да се изработи Урбанистички Проект, со кој проект во граница на предметната градежна парцела, треба да се обезбеди **20% зелена површина** - зеленило.

**4.17**. Основа за изработка на ЛУПД се **Заклучни согледувања од "Просторниот план на Република Македонија":**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на КП 1038, и дел од КП 1037 во м.в. Каравилјов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово.
Површината на планскиот опфат изнесува 0.99 ha и зафаќа земјоделско земјипте нива (VI класа) и пасиште (III класа).
Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р Македонија.

***Економски основи на просторниот развој***

**− Според определбите на Просторниот план, идниот развој и азместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
**− Реализацијата на предвидената ЛУПД со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово на површина од 0,99 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

***Заштита на земјоделско земјиште***

− Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
− При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште – нива (VI класа) и пасиште (III класа).**

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

− Изградбата на фотоволтаичната централа со која ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во ВП „Пчиња“ - регион кој е сиромашен со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност *Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово Агенција за планирање на просторот* 26 со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

− Локацијата со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

− Градбата на електрични централи од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

***Урбанизација и систем на населби***

− Изградбата на Е2-комунална супраструктура - фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово, ќе овозможи поефикасно **снабдување на руралните населби со електрична енергија,** односно приклучување на нови населби кон мрежата, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку **воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

***Домување***

− Инцијативата за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во Iм.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

***Јавни функции***

− Локацијата за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

***Индустрија***

− **Реализацијата на предвидената ЛУПД со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово на површина од 0,99 hа, ќе биде во функција на** *Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово Агенција за планирање на просторот* 27 **зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

***Сообраќајна инфраструктура***

− Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е: **А2 -** (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија – ГП Ќафасан) Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на **регионални патишта "Р29"** и е со ознака: **Р29277** - (Врска со А2-Клечовце-Бељаковце-Шопско Рударе-Секулица- врска со Р2247) – **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:***

− Локацијата со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
− Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

− **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW, КО Коњух, Општина Кратово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
− Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. *Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравиљов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово Агенција за планирање на просторот* 28
− Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
− Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
− Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

***Заштита на природно наследство***

− **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW, КО Коњух, Општина Кратово, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
‡ Доколку при изработка на Локалната урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.
***Заштита на културно наследство***

− Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија 2 на подрачјето на катастарската општина Коњух има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
− При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
− Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со 2 **МАНУ Скопје, 1996г.**
*Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW во м.в. Каравилјов Чукар Влашкениве, КО Коњух, Општина Кратово Агенција за планирање на просторот* 29 отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Развој на туризмот***

− Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Кратовско - Кривопаланечки туристички регион со утврдени 2 туристички зони и 7 туристички локалитети.** Северно од локацијата минува регионален Транзитен туристички коридор.
− Согласно **поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки Катастрофи***

− **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со основна класа на намена Е2 (комунална супраструктура) фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW, во м.в. Каравилјов Чукар Влашке ниве, КО Коњух, Општина Кратово, се наоѓа во простори погодни за слободни територии**. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
− Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

− **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

## 5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### 5.1. Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфати

Планскиот опфат на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037, М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово,** зафаќа површина од **П= 9862.60м$^2$.**

Во него е предвидена површина со основна намена - **Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW** во граници и нормативи кои се дадени со важечкиот правилник и закон.

При планирањето се почитувани сите нормативи дадени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на Генерален урбанисточки план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проекти содржината, формата и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и АУП и содржина, формата и начонот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл. весник на Р.М. бр. 142/15),

### 5.2. Мерки за заштита на животната средина

Право и должност на Република Македонија и секоја Општина во неа, како и на сите правни и физички лица, е да обезбедат услови за здрава животна средина заради остварување на човекови права на здрава и чиста животна средина, регулирани и пропишани со **Закон за животна средина** (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16).

Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини за Г2- лесна и незагадувачка индустрија, зеленило и сообраќајни површини. Кај новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите.

Минимално аерозагадување ќе се јави во грејните сезони кога се испуштаат отпадни материи од оџаците на објектите.

На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите:

- **Загадување на воздухот од грејни тела**
- **Загадување на воздухот од моторни возила**

**Заштита на воздухот**

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата.

Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразено загадување со штетни материи на воздухот на предметната територија.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- Обезбедени со услови за ефикасно и природно проветрување;
- Подобрена е состојбата на зелени површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;
- Потребна е постојана контрола на загадувачите на атмосферата;
- Користење на горива кои содржат помалки штетни состојки;

- Контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето

**Заштита од бучава**

Управување со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина, е предмет на уредување на ***Законот за заштита од бучава во животна средина*** (Сл. весник на Р.М. бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15).

Цел на Законот е да се создадат здрави услови за живот на луѓето и заштита на животна средина од бучава. Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила.

Според меѓународните стандарди и нормативи, нивото на бучавата дозволено во урбаните подрачја е до **60 децибели.**

Намалување на бучавата од сообраќајот, кој се одвива по сите сообраќајници, во опфатот може да се направи на следниве начини:

Спречување на бучавата на самиот извор;

Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

**Заштита на води**

Еден од основните приоритети на заштитата на животната средина, е заштита на водите. Во рамките на планскиот опфат постои единственото загадување на водите од отпадните води. Затоа е потребно, да се изгради канализационен систем за прифаќање на истите, и е потребно:

- Проектирање и изведување на канализациона мрежа, според важечки прописи и стандарди;
- Мерки за испитување на квалитетот на водите;
- Водотеци - земање узорци и мерење на квалитетот на водата од најблиски водотеци;
- Мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- Заштита на квалитет на водата на самите изворишта на загадување.

**Заштита на земјиштето во загрозени подрачја**

За предметниот плански опфат се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди.
Остаток од цврст отпад се предвидува организирано да се прифати и да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

Мерки за заштита на земјиштето во загрозените подрачја:

- Планско уредување на земјиштето на места загрозени со подземни води, отпадните води, депонирање на смет;
- Во заштитените зони да се спроведат мерки за заштита во зависност од видот на загадувачите;

- Заштита на фауната и флората, со обновување на шумскиот фонд и зелените површини во целото опкружување.

### 5.3. Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, управен, надзорен, технички, образовно воспитен и пропаганден карактер.

За поуспешно спроведување на мерки за заштита од пожар, се користат смерници од **Законот за заштита и спасување** (Сл. весник на РМ бр. 93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18), **Закон за пожарникарство** (Сл. Весник на Р.М. бр. 168/17 – Пречистен текст), **Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи** (Сл. Весник на Р.М. бр.32/11, 145/13), **Правилник за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.94/09), **Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари** (Сл. Весник на Р.М. бр. 26/18), **Правилник за суштинските барања за градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.74/06), **Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати** (Сл. Весник на Р.М. бр. 26/18) со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарни апарати (Сл. Весник на Р.М. бр.105/05), **Правилник за начинот на определување на места** за кои задолжително треба да се наоѓат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и против пожарните апарати, нивно одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба (Сл. Весник на Р.М. бр. 74/06, 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Заради што поуспешна заштита од пожар потребно е објектите да се градат спореди сите законски нормативи и мерки, потребно е да се овозможи непречено движење на противпожарно возило околу секој објект и да се предвиди посебна надворешна, хидрантска мрежа.

Во предметната **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на К.П. бр. 1038 и дел од К.П. бр. 1037, М.В. Каравијлов Чукар Влашке Ниве К.О. Коњух Општина Кратово,** заради остварување на поуспешна заштита од пожари се предвидуваат соодветни мерки за заштита, а особено за:

1. Изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти (хидранти и слично) кои обезбедуваат доволно количество вода за гасење на пожари
2. Широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гасењето на пожарите. Широчината на сообраќајниците во планскиот опфат се изработени согласно важечкиот Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), и профилите на внатрешни улици. Со изработка на изведбен проект ќе се определат висините на рабниците на улиците.

3. Оддалеченост на објектите со различна намена, отпорноста на пожари на конструкцијата во зоната на комерицијалните објекти, ќе се овозможат мерки за заштита од пожари.

4. За функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

-Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства,

- Обезбедување на противпожарни пречки,

- Изградба на потребна инфраструктура, се во согласност со Закон за заштита и спасување

За заштита од пожар, при градба на објектите се врши детална анализа и процена на опасностите од пожар, со оглед на вградениот материјал и применетите конструкции на објектот и врз основа на тоа се предвидуваат мерки за заштита од пожар при што посебно се обрнува внимание на:

5. Растојание меѓу објектите на избраната локација и конструктивно - градежните и техничките мерки што произлегуваат од диспозицијата на објектите

6. Потребно количество и притисок на вода за гаснење на пожар

7. Потребни уреди, техничка опрема и средства за гасење на пожар

8. Уреди за вентилација на просториите

9. Природни патишта и премини

10. Излези и патишта за евакуација на загрозените лица и материјалните добра од пожар и експлозија

11. Услови за спасување на луѓето и материјалните добра загрозени од пожар и експлозија

12. Избор и поставување на уреди за автоматско откривање, јавување и гасење на пожар,како и уреди за мерење на конструкцијата на запаливи и експлозивни смеси

13. Други мерки за заштита од пожар

На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ø100мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник од најмалку ø100мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бари. Податоците за големина на притисокот во хидрантска мрежа ги дава Јавното претпријатие во Кратово надлежно за издавање на хидротехничките услови за приклучување на секој објект.

### 5.4. Засолнување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16), засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона која може да биде загрозена со долготрајни воени дејствија, природни непогоди и други несреќи, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапки, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на градбите. Како една од главните превентивни мерки за заштита од воени дејствија секако преставува засолнувањето. Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Согласно член 62 став 2 од ЗЗС, јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување како и со програмата на единиците за локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита,со обем на заштита од 100 кРа натпритисок и капацитет-функционално решени простории за седумдневен непрекинат престој до 300 лица, во согласност со Техничките нормативи за изградба на јавни засолништа (Сл.весник на РМ бр.48/11), што ги донесува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување (член 63 од ЗЗС).
Согласно член 65 од ЗЗС определувањето на потребниот број на засолнишни места со Уредба ги уредува Владата. Тоа е Уредбата за начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број на засолнишни места (Сл. весник на РМ бр.**153/10**,која ја укинува Уредбата од Сл.весник 80/05). Во членот 25 од наведената Уредба е предвидено да вкупниот број на засолнишни места во РМ што пои потреба утврдена со закон и во согласност со плановите за заштита и спасувањеможат едновремено да се стават во функција,треба да овозможат засолнување на најмалку 30% од населението на РМ.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени градби што ке ги утврди Дирекцијата. Единиците на локалната самоуправа имаат обврски да градат јавни засолништа со кои ке се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

## 5.5. Мерки за заштита и спасување од поплави

Во близина на предметниот плански опфат, нема река или било какво течение на води поради што не постои опасност од излевање на истите. Единствено е можна опасност од поплави од поголеми количини на дожд или топење на снег. Со искористување на природниот пад на теренот и обезбедување на шахти од атмосферска канализација за отекување на атмосферските води, што е е предвидено во планот, ќе се регулираат нивните теченија и собирања.

### 5.6. Мерки за заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Поради тоа се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос со слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При планирање се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Новопредвидените објекти согласно нивната специфична намена нема да предизвикуваат урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти, согласно сеизмолошката карта на РМ, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

### 5.7. Мерки за заштита и на културното наследство

Според податоци добиени од Министерство за култура Управа за заштита на културното наследство Скопје, на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои е основано се претпоставува дека претставува културно наследство.
Согласно истиот допис, доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М., треба да постапи согласно со одредбите според **член 65** од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18).

### 5.8. Мерки за заштита од техничко – технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошки несреќи согласно член 82 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвкуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра. Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистчкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриските објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Оперативните мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи се активности за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици. Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се пропишува спроведувањето на мерката за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи која се остварува во системот за заштита и спасување.

Со оглед на специфична природа на производство на енергија, каде не се предвидува производство со современа технологија, потребно е стручно ракување со сите инсталациите, уредите и постројките, како би се намалите технолошките несреќи.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување висок степен на загрозеност на луѓето, животните, растенијата и материјалните добра согласно член 82 од Законот за заштита и спасување. Инсталациите, уредите и постројките во редовни услови не предизвикуваат опасност за технолошки несреќи. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум. Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

### 5.9. Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи. Населението, (вработените) од подрачјето на кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување – евакуција на населението (Сл. Весник на Р.М. бр. 101/10) се уредува спроведувањето на мерката евакуација на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на евакуација на населението се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва. Евакуацијата опфаќа планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство во Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Во предметниот плански опфат нема присатно население.

### 5.10. Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифититотии и други нереќи останало без дом и средства за живеење и кое поради згрозеност се задржало надвор од своето место на живеење. Републиката и едниците на локална самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот. Согласно Уредбата за згрижување на настрадано и загрозено население (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се уредува спроведувањето на мерката згрижување на настрадано и загрозено население кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

### 5.11. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и биолошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и спосвениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Со уредбата за спроведување на мерката за радилошка, хемиска и биолошка заштита (Сл. Весник на РМ бр. 91/10) се уредува спроведувањето на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита.
Потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на опасни матереии кои може да бидат употребувани во производниот процес, почитувајќи ги техничките норми при проектирањето.

### 5.12. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Согласно Уредбата за начинот на воспроведување на мерката за заштита и спасување-прва медицинска помош (Сл. Весник на РМ бр. 80/05), обврската за планирање, подготвување на активности за спроведување на прва медицинска помош имаат сите субјекти утврдени во Законот за заштита и спасување, а особено силите за заштита и спасување, Министерството за здравство, здравствените организации и Црвениот крст на Републилка Македонија.

Планирањето на првата медицинска помош опфаќа проценување на можните загрозувања на животот и здравјето на луѓето, утврдување на потребна организација за спроведување на првата медицинска помош и пропишување на оперативна процедура за спроведување на првата медицинска помош. Планирањето на првата медицинска помош се остварува во рамките на интегралното планирање (развојно и оперативно) за заштита и спасување и тоа како посебен елаборат во тие планови.

### 5.13. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидитет

Услови за движење на лица со инвалидитет со мерки за спречување на бариери за лица со инвалидитет, се пропишани во точка 13, (член 75, 76, 77, 78, 79) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18). Согласно овој Правилник составен дел на овој АУП се и конкретните мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет:

- Површина за движење на пешаци (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и др.), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33%.
- При планирање на елементи на улична мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоар и коловоз: минимална широчина на рампата е 1,0метри, а оптимална широчина е 1,80м, најголем наклон на рампата е 20% (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% (1:12).
- Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците а особено на лица со инвалидност што користат колички.

## 6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**6.1.** Планскиот опфат зафаќа површина од **П=9862.60м$^2$**

**6.2.** Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

**Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW**

**6.3.** Покрај основната класа на намена, за градежна парцела во планскиот опфат за основна класа на намена Е2 се дава можност да се предвидуваат и објекти пратечки на основната намена и во нејзина функција (само ако има потреба од нив):

**6.4.** Во целокупниот плански опфат е предвидена една градежна парцела, со свои нумерички податоци и билансни показатели.

**6.5.** Нумерички податоци за градежна парцела:

**Парцела бр. 1**

Површина на парцела – **9862.60m$^2$**
Површина за градба – **7871.93m$^2$**
Развиена површина за градба – **7871.93m$^2$**
Процент на изграденост - **80%**
Коефициент на искористеност – **0.80**
Намена: **Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW со фотоволтаични панели**
Висина на венец - **H=4.5m,**
Катна висина - **П**
Висина на кровна конструкција - **max 4,5m**
Тип на кров - **кос, рамен**
Кота на нулта плоча - **max 1,2m**
Место на паркирање - **во парцела**
Влез во парцела - **од ул. 1**
Потребен број на паркинг места: согласно **член 59** од правилник за стан. и нор. урб. планирање, основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места – **2 паркинг места**.
Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од границите на градежна парцела зависат од типот на градење и се регулираат со **член 40** од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и поставување на панелни плочи согласно нормативи на ваков вид на објекти.
Потребно е да се обезбедат **20%** од вкупна површина на градежна парцела за зеленило.
Само ако се предвидува градба на повеќе објект во Г.П. потребно е да се изработи **Урбанистички Проект.**

## 7. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

### 7.1. Нумерички показатели

**Величини кои произлегуваат од планското решение:**

**Демографски аспект**

**Планирани површини по намена на земјиштето**

| НАМЕНА НА ПОВРШИНИ | Површина на зони (m$^2$) |
|---|---|
| Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW со фотоволтаични панели | 9862.60 |
| **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ** | **9862.60** |

**Максимални површини за градење по намена на градбите**

| НАМЕНА НА ГРАДБИ | Максимална површина за градба ($m^2$) |
|---|---|
| Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW со фотоволтаични панели | 7871.93 |
| **ВКУПНО** | **7871.93** |

**Планирани вкупни развиени површини за градење по намена на градбите**

| НАМЕНА НА ГРАДБИ | Развиена површина За градба ($m^2$) |
|---|---|
| **Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW со фотоволтаични панели** | 7871.93 |
| **ВКУПНО** | **7871.93** |

**Урбанистички параметри**

| УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ | средна вредност |
|---|---|
| Процент на изграденост на земјиштето | 80% |
| Коефициент на искористеност на земјиштето | 0.80 |
| Површина на градежни парцели | 9862.60$m^2$ |
| Максимална (габаритна) површина за градење | 7871.93$m^2$ |
| Вкупна изградена површина | 7871.93$m^2$ |
| Висина на планираните градби | П/4.50m |
| **Површина на плански опфат** | **9862.60м²** |

**Димензии на попречните профили на сообраќајната инфраструктура**

Во внатрешноста на предметниот планскиот опфат, сообраќајното решение ќе се дефинира со изработка на АУП, (во случај ако има потреба од негова изработка), во спротивно ќе се испланира во ситуационо решение дадено во проектната документација.

Надворешна сообраќајна мрежа ја сочинува локален пат, ул. 1 преку која ќе се обезбеди влез во градежна парцела.

## 7.2. Билансни споредбени показатели:

| Параметри | Документационa основа | Планска документација |
|---|---|---|
| Неизградено земјиште | 9862.60m$^2$ | / |
| Изградено земјиште | / | 9862.60 |
| Површина за Е2 – комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW со фотоволтаични панели | / | 9862.60m$^2$ |
| Процент на неизграденост | 100% | / |
| Процент на изграденост | / | 80% |
| Коефициент на искористеност | / | 0.80 |
| Вкупна габаритна површина за градба | / | 7871.93m$^2$ |
| Вкупна развиена површина | / | 7871.93m$^2$ |
| Висина на градбите | / | П/4.50м |

Носител на планот:
**Валентина Спасовска д.и.а.**
**Овластување бр. 0.0053**

Valentina Spasovska
Digitally signed by Valentina Spasovska
Date: 2022.10.13 10:55:39 +02'00'

**Планска документација**

**Графички дел**




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО



## ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П=9862.60м²
- Граница на подрачје со иста намена на земјиште
- (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаични панели
- Елементи на сообраќајница
- Земјен пат
- Тампониран пат
- Влез во парцела

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | Површина на зони (m²) | |
|---|---|---|
| (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа | 9862.60 | 100% |
| **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ** | **9862.60** | **100%** |

# ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА М=1:1000

| | | |
|---|---|---|
| | **УРБАН ГИС Д.О.О.** **КУМАНОВО** URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ Валентина Спасовска дипл.инж.арх. |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 |
| **ПРИЛОГ:** | ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а. Овластување број 0.0053 | ДАТА: Октомври 2022 / ПРИЛОГ: 01 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | |




## НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Број на парцела | Површина на градежна парцела (м²) | Максимална површина за градба (м²) | Вкупна развиена површина за градба (м²) | Висина на објекти до венац (м`) | Катност на објекти | Намена на објекти | Компатибилна намена со Максимално дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основна класа на намена во планот (%) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност (К) | Место на паркирање и број на места по член 59 од правилник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9862.60 | 7871.93 | 7871.93 | 4.50 | П | Е2-ком. супр. | / | 80% | 0.80 | во парцела |

Во случај ако на градежна парцела бр. 1, во површина за градба се предвидува изградба на повеќе објекти, потребно е да се изработи АУП

| НАМЕНА НА ГРАДБИ | Максимална површина за градба (м²) | Развиена површина за градба (м²) |
|---|---|---|
| (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа | 7871.93 | 7871.93 |
| **ВКУПНО** | **7871.93** | **7871.93** |

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | Површина на зони (m²) | |
|---|---|---|
| (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа | 9862.60 | 100% |
| **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ** | **9862.60** | **100%** |

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО



## ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П=9862.60m²
- ГЛ Градежна линија
- РЛ Регулациона линија
- Линија на парцела
- (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа
- Елементи на сообраќајница
- Земјен пат
- Тампониран пат
- Влез во парцела

## РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА М=1:1000

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **УРБАН ГИС Д.О.О.** **КУМАНОВО** URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ Валентина Спасовска дипл.инж.арх. | |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 | |
| **ПРИЛОГ:** | ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | РАЗМЕР: 1:1000 | ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а. Овластување број 0.0053 | ДАТА: Октомври 2022 | ПРИЛОГ: 02 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | | |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО




## ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П=9862.60m²
- Градежна линија
- Линија на парцела
- (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа
- Елементи на сообраќајница
- Земјен пат
- Тампониран пат
- Влез во парцела

# СООБРАЌАЕН ПЛАН; НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА М=1:1000

| | | |
|---|---|---|
| | **УРБАН ГИС Д.О.О.**<br>**КУМАНОВО**<br>URBAN GIS D.O.O.<br>KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ<br>Валентина Спасовска<br>дипл.инж.арх. |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 |
| **ПРИЛОГ:** | СООБРАЌАЕН ПЛАН; НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН<br>ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а.<br>Овластување број 0.0053 | ДАТА: Октомври 2022 / ПРИЛОГ: 03 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЛЈОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО

**ЛЕГЕНДА:**

- Граница на плански опфат П=9862.60m²
- Градежна линија
- Линија на парцела
- (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа
- Елементи на сообраќајница
- Земјен пат
- Тампониран пат
- Влез во парцела

**Е1 - планирана комунална инфраструктура**

**ЕВН**

- Електрика - планирана

## ИНФРАСТРУКТРЕН ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА М=1:1000

| | | |
|---|---|---|
| | **УРБАН ГИС Д.О.О.**<br>**КУМАНОВО**<br>URBAN GIS D.O.O.<br>KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ<br>Валентина Спасовска<br>дипл.инж.арх. |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | **Бобан Богдановски** | |
| **ПЛАН:** | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЛЈОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ** | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 |
| **ПРИЛОГ:** | ИНФРАСТРУКТРЕН ПЛАН<br>ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | РАЗМЕР: 1:1000 / ТЕХ.БР. У-06/19 |
| **ПЛАНЕРИ:** | Валентина Спасовска д.и.а.<br>Овластување број 0.0053 | ДАТА: Октомври 2022 / ПРИЛОГ: 04 |
| **СОРАБОТНИК:** | Тијана Станковска, м.и.а. | |




## НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Број на парцела | Површина на градежна парцела (м²) | Максимална површина за градба (м²) | Вкупна развиена површина за градба (м²) | Висина на објекти до венац (м`) | Катност на објекти | Намена на објекти | Компатибилна намена со Максимално дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основна класа на намена во планот (%) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност (К) | Место на паркирање и број на места по член 59 од правилник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9862.60 | 7871.93 | 7871.93 | 4.50 | П | Е2 | / | 80% | 0.80 | во парцела |

Во случај ако на градежна парцела бр. 1, во површина за градба се предвидува изградба на повеќе објекти, потребно е да се изработи АУП

| НАМЕНА НА ГРАДБИ | Максимална површина за градба (m²) | Развиена површина за градба (m²) |
|---|---|---|
| (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа | 7871.93 | 7871.93 |
| ВКУПНО | 7871.93 | 7871.93 |

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | Површина на зони (m²) | |
|---|---|---|
| (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа | 9862.60 | 100% |
| ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | 9862.60 | 100% |

**Е1 - планирана комунална инфраструктура**

**ЕВН**

Електрика - планирана

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ

## ОПШТИНА КРАТОВО

## ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П=9862.60м²
- ГЛ Градежна линија
- РЛ Регулациона линија
- Линија на парцела
- (Е2) - Комунална супраструктура - фотоволтаична централа
- Елементи на сообраќајница
- Земјен пат
- Тампониран пат
- Влез во парцела

## СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА М=1:1000

| | | | |
|---|---|---|---|
| | УРБАН ГИС Д.О.О.<br>КУМАНОВО<br>URBAN GIS D.O.O.<br>KUMANOVO | УПРАВИТЕЛ<br>Валентина Спасовска<br>дипл.инж.арх. | |
| НАРАЧАТЕЛ: | Бобан Богдановски | | |
| ПЛАН: | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРАФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW НА К.П. БР. 1038 И ДЕЛ ОД К.П. БР. 1037 ВО М.В. КАРАВИЈЛОВ ЧУКАР ВЛАШКЕ НИВЕ К.О. КОЊУХ | ЛИЦЕНЦА БР. 0025 | |
| ПРИЛОГ: | СИНТЕЗЕН ПЛАН<br>ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | РАЗМЕР:<br>1:1000 | ТЕХ.БР.<br>У-06/19 |
| ПЛАНЕРИ: | Валентина Спасовска д.и.а.<br>Овластување број 0.0053 | ДАТА:<br>Октомври<br>2022 | ПРИЛОГ:<br>05 |
| СОРАБОТНИК: | Тијана Станковска, м.и.а. | | |